09-2060/3
26-05-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 68 та седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси заведена под број 09-2060/1 од 14.03.2022 година, против член на Училишен одбор во СОУ „----------" од -----------, доставена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека нема доволно елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 14.03.2022 година, поднесена е пријава за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси на член на Училишен одбор во ---------- од Македонски бр----------од и оформен е предмет број 09-2060/1 од 14.03.2022 година.

Во пријавата, подносителот бара да се испита оглас во СОУ „-------------" од ---------- за вработување на работна позиција Виш технички секретар, односно пријавителот поконкретно бара да се испита дали член на Училишен одбор на наведеното училиште ја искористил својата позиција и извршил влијание врз директорот за да ја вработи својата сопруга.

Во пријавата немаше наведено адресни податоци за лицата за кои пријавителот смета дека се во состојба на судир на интереси и за кои Државната комисија треба да поведе постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

За таа цел, Државната комисија побара допрецизирање на пријавата со податоци за број на Јавен Оглас за работна позиција Виш технички секретар, понатаму име и презиме на лицата за кои се однесува пријавата.

Подносителот на пријавата не достави одговор по наведените прашања, до денот на одржување на 68 та седница, односно не ја допрецизира пријавата, по што Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека нема елементи за да покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: С.М –советник
Контролирал: К. З – Раководител
Одобрил: С.П.Д – Член на ДКСК